

URURU ПРОЧИСТУВАЧ НА ВОЗДУХ





ЕДЕН УРЕД, ДВЕ ФУНКЦИИ:
Овлажнување и прочистување на воздухот



# СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| Прочистување и овлажнување на воздухот | 3 |
| Важноста на чистиот воздух | 4 |
| Уруру овлажнување | 5 |
| Напредна технологија | 6 |
| Функција | 8 |
| Главни карактеристики | 10 |

# *Прочистување*

## и овлажнување на воздухот

Воздухот кој го дишеме е полн со разни штетни материи кои можат да предизвикаат здравствени проблеми: алергени, бактерии, вируси, чад од цигари... А највеќе од се, голем проблем преку зима е сувиот воздух.

Daikin Ururu прочистувачот на воздух го овлажнува воздухот внатре во просторијата и со тоа ги отстранува негативните ефекти од сувиот воздух. Потребно е само од време на време да се наполни резервоарот од 4 l и просторијата ќе биде овлажнета со максимални 600 ml/h.



MCK-75J



# Значењето на *чист* воздух внатре во просторијата

**Денес е тешко да се најде чист воздух внатре во просториите**

Познато е дека постои директна врска помеѓу здравствените проблеми и квалитетот на воздухот кој го дишеме. Бројот на алергиски и астматични случаи е во постојан пораст. Според EFA*, преку 80 милиони луѓе низ цела Европа патат од разни форми на алергии; овој број е во постојан пораст.

*EFA: Здружение на пациенти од алергии и болести на дишните патишта. Европска федерација / www.efanet.org / февруари 2006.

Современите куќи и згради се се подобро изолирани, што предизвикува ограничена промена на надворешниот и внатрешниот воздух. Овој резултат е често поразувачки: воздухот кој го вдишуваме во просторијата може да биде позагаден од надворешниот воздух. Покрај тоа, поминуваме во просек 90% од нашето време внатре.*

*Европска комисија, www.europe.eu.int / февруари 2006.

Внатрешниот воздух може да содржи

- Алергенски честички како на пример полен, прашина,паразити и нивните траги и влакна од домашни миленичиња.
- Активатори на алергените, како што се мувла, чад од цигари и други дополнителни додатоци.

# URURU *овлажнување*

Корисна и револуционерна, функција на овлажнување (“Ururu” на јапонски), е остварена на следниот начин: резервоар за вода со мала дебелина е приклучен во комбинација со хидраулично тркало и филтер за испарување.

**Како функционира овлажнувањето на воздухот?**

Водата од резервоарот влегува во коритото каде што се наоѓа хидрауличното тркало. Тркалото, вртејќи се, ја подигнува водата и ја истура во филтерот.

Воздухот што дува низ филтерот ја апсорбира влагата и ја испушта во просторијата.




1. Хидрауличното тркало ја подигнува водата од коритото.
2. Воздухот дува во правец на филтерот.
3. Во просторијата се ослободува влажен воздух.

# СОВРЕМЕНА

# ТЕХНОЛОГИЈА ЗНАЧИ *ЧИСТ ВОЗДУХ*



Daikin Ururu прочистувачот на воздух ефикасно ги отстанува алергените (на пример полен, паразити, прашина итн.) бактерии и вируси. Покрај тоа, овој уред има и силен деодорирачки ефект; ефикасно го отстранува чадот од цигарите, а останатите мириси ги разградува. Брзо ги собира честичките кои се присутни во воздухот и ги разградува. Неговата тивка работа го прави идеален и за вечерната тишина. Уредот содржи седум хармоника-филтри ( еден за непосредна употреба и 6 резервни).

**Како функционира 6-слојниот систем на филтрирање?**

1 Предфилтер – кој содржи катехин – ги фаќа поголемите честички на прашина и влакната од миленичиња.

2 Плазма јонизатор кој ја електризира позитивно наелектризираната прашина и честичките од полен, кој притоа го отстранува негативно наелектризираниот електростатички филтер за прашина.

3 Flash Streamer-от ги разградува хемиските супстанци како што се непријатните мириси и формалдехидот во неутралните нуспроизводи.

1
**Предфилтер**
**(со катехин*)**
Ги отстранува поголемите честички на прашина и влакната од домашни миленичиња

2
**Плазма јонизатор**
Прашината и поленот се позитивно наелектризирани и се испраќаат во електростатичкиот филтер

**загаден воздух** >



\>



\>

* Катехин е природна антибактериска материја произведена од лист на чај, која ги убива прикачените микроби на фатените честички.



4 Flash Streamer-от исто така предизвикува фотокаталитична реакција на површината на фотокаталитичниот филтер од титаниумапатит **5,** кој служи за отстранување на бактериите и вирусите.

6 Деодорирачки катализатор ги разградува и отстранува непријатните мириси.

**3**
**Flash Streamer**
Flash Streamer-от произведува електрони со голема брзина. Овие електрони силно ги разградуваат непријатните мириси и формалдехидот.

**4**
**Електростатички филтер за собирање на прашина (предна страна)**

Негативно наелектризираниот филтер ги апсорбира позитивно наелектризираните прашина и полен.

**6**
**Деодорирачки катализатор**
Непријатните мириси се апсорбираат и разградуваат пред да се врати воздухот во просторијата.




**5**
**Фотокаталитички филтер од титаниумапатит (задна страна)**
Непријатните мириси,бактерии и вируси се апсорбираат и разградуваат

* Површината на филтрирање на хармоника-филтерот е околу 1,5 пати поголема од површината на конвенционалниот рамен филтер.

# Главни одлики

› **Голем проток на воздух: 450 m³/h***

*(во турбо режим)

› **Ултра тивка работа: 17 dB(A)***

*(во тивок режим на прочистување на возухот)

Затоа овој уред е погоден и за употреба во спални соби.

› **Компактен**

Секој простор е за него доволно голем! Нема агол во просторијата во кој не може да се смести MCK-75J

› **Пренослив**

Уредот може лесно да се пренесе од една во друга соба. (тежи 11 kg)

› **Едноставно одржување, лесно чистење.** Рамна маска која лесно се чисти.

› **Касета за перење која може повторно да се употреби**

**Дејството на силниот 4-странен вентилатор досега до сите агли на просторијата.**

**Погодна големина на просторија до 46 m²**




1 **Прекинувач за блокирање на уредот и подесување на осветлувањето на сигналните светла**

2 **Прекинувач за програмирање**

3 **Прекинувач за овлажнување**

4 **Прекинувач за подесување на брзината на проток на воздух**

5 **Прекинувач за вклучување/исклучување**

5 **Прекинувач за вклучување/исклучување на функцијата овлажнување**

# *Работни*
## одлики



› **Блокирање на уредот**
Со блокирање на уредот со далечински управувач се избегнува можноста, мали деца, играјќи се со копчињата, да ја пореметат работата на прочистувачот.

› **Автоматска работа**
Протокот на воздух се прилагодува со нивото на загаденост на воздухот. Кога воздухот е чист, брзината на протокот на воздух се намалува. Со тоа се штеди електрична енергија.

› **ТУРБО режим**
Овој режим обезбедува силна работа и е пријатен за корисникот. Треба да се користи непосредно по доаѓањето дома или ако имате неочекувана посета.

› **Програмер за исклучување**
Со далечинскиот управувач може да се прилагоди уредот да се исклучи за 1, 2 или 4 часа.

› **Поленски јонски режим**
Со активирање на овој режим, поленот во просторијата ќе биде вовлечен пред тој да паде на подот.

› **Подесување на осветлување**
Јачината на сијаличката за осветлување на сигналната табла, може да се прилагоди од едно од трите нивоа.

› **4 брзини на вентилаторот**
Брзината на вентилаторот може да се прилагоди во 4 степени, од суперниска (LL) до висока (H) брзина.




1 **Индикатор за количина на прашина**
Овие сигнални сијалички ја покажуваат количината на прашина измерена во воздухот.

2 **Сијличка за блокада на уредот**

3 **Сијаличка за проверка и предупредување**

4 **Индикатор за исклучување**
Се вклучува сијаличката за исклучување.
После подесувњето, сијаличката го покажува преостанантото време.

5 **Индикатор на влажност**

6 **Индикатор на автоматска работа**
Вклучен е во тек на автоматскиот режим на работа.
Една од сијаличките за проток на воздух исто така ќе биде вклучена.

7 **Индикатор за брзина на проток на воздух**
Се вклучува кога се прилагодува бзрината на проток на воздух.

8 **Индикатор за турбо режим и полен**

9 **Индикатор за јачина на непријатен мирис**

10 **Сензор за непријатни мириси**

# Главни карактеристики



## СПЕЦИФИКАЦИЈА

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Модел** | | | **MCK-75J** | | | | |
| Тип | | | Прочистувач и овлажнувач на воздух | | | | |
| Напојување со електрична енергија | | | 1~/220-240/220-230 V/50/60 Hz | | | | |
| Димензии | ВхШхД | mm | 590x395x268 | | | | |
| Боја | | | Црна (Боја на маска: сива) | | | | |
| Тежина | | kg | 11 | | | | |
| Начин на собирање прашина | | | Плазма јонизатор + електростатички филтер за собирање прашина | | | | |
| Деодорирање | Начин | | Flash Streamer +фотокаталитички филтер од титаниум апатит + деодорирачки катализатор | | | | |
| Филтер за воздух | | | Полипропрленска мрежа со катехин | | | | |
| **Прочистување на воздух** | | | **Турбо** | **V** | **S** | **N** | **Тивко** |
| Влезна сила | | kW | 0,081 | 0,035 | 0,018 | 0,011 | 0,008 |
| Ниво на звучен притисок (1) | | dB(A) | 50 | 43 | 36 | 26 | 17 |
| Брзина на проток на воздух | | $m^3/h$ | 450 | 330 | 240 | 150 | 60 |
| Големина на просторија (2) | | $m^3$ | 46 | | | | |
| **Овлажнување на воздухот** | | | **Турбо** | **V** | **S** | **N** | **Тивко** |
| Влезна сила | | kW | 0,084 | 0,037 | 0,020 | 0,013 | 0,012 |
| Ниво на звучен притисок (1) | | dB(A) | 50 | 43 | 36 | 26 | 23 |
| Брзина на проток на воздух | | $m^3/h$ | 450 | 330 | 240 | 150 | 120 |
| Овлажнување (3) | | ml/h | 600 | 470 | 370 | 290 | 240 |
| Капацитет на резервоарот за вода | | l | 4 | | | | |





Ururu

Daikin веќе има добиено многу признанија за своите прочистувачи: Daikin TüV наградата за MCK-75J ја потврдува ефикасноста на овој уред.

Забелешки:

(1) Нивото на звучниот притисок претставува просек на вредности измерени на 1 m од предната, левата, десната и горната страна на уредот.

(2) Површината на предвидениот простор, одговара на работата на уредот во турбо режим. Површина на предвиден простор означува простор во кој одредена количина на честици прашина можат да се отстранат за 30 минути.

(3) Квалитетот на овлажнување на воздухот се менува со менување на внатрешната и надворешната температура и влажност. Услови за мерење: Температура 20°C, влажност 30%.



Системот за контрола на квалитетот на Daikin Europe N.V. е сертифициран од LRQA, во согласност со ISO9001 стандардот, што е гаранција за квалитет во дизајнот, развојот и производството, како и во услугите што се даваат при користење на соодветен производ.

Сите организациони единици на Daikin се во согласност со европските регулативи за да обезбедат безбедност на нивните производи.

Стандардот ISO14001 обезбедува ефикасен систем за набљудување на животната средина за заштита на здравјето и животната средина од потенцијалното негативно влијание на производството, користењето и испорака на услуги и помага во одржување и подобрување на квалитетот на животната средина.

Компанијата Даикин Европа Н.В. учествува во програмата за сертификација на Евровет за сите климатизери (AC), течноста за ладење (LCP) и уреди со разладни средства (FC); сертифицирани модели се заверени во каталогот на Евровент.

Уникатната позиција на Daikin како производител на опрема за климатизација, компресори и ладилни единици природно резултираше во нејзино активно вклучување во заштитата на животната средина.

Неколку години, Daikin има намера да заземе водечка позиција во снабдувањето на производи со ограничено влијание врз животната средина.
**Постигнувањето на оваа цел бара еколошки дизајн и развој на широк спектар на производи и системи кои штедат енергија и го намалуваат загадувањето.**

Овој каталог е создаден за да обезбеди информации и не претставува официјална понуда од Daikin Europe N.V .. Daikin Europe N.V. ја состави содржината на овој каталог врз основа на сите информации што ги доби. Тој не претставува никаква експлицитна или имплицитна гаранција за комплетноста, точноста и веродостојноста на содржината на каталогот и прикажаните производи и услуги, ниту пак нивна соодветност за одредена намена. Спецификациите се предмет на промена без најава. Компанијата Даикин Европа Н.В. безусловно отфрла одговорност за каква било директна или индиректна штета, во која било смисла, што произлегува од употребата и / или толкувањето на овој каталог. Авторското право на целата содржина на каталогот е во сопственост на Daikin Europe N.V.

ECPSR09-701

Distribucija Daikin proizvoda se vrši preko:

**DAIKIN AIRCONDITIONING Central Europe HandelsgmbH**
campus 21, Europaring F12/402, A – 2345 Brunn/Gebirge www.daikin.at

ECPSR09-701 • CD • 04/10 • Copyright Daikin
Odgovorniurednik::DaikinEuropeN.V.,Zandvoordestraat 300, B-8400 Oostende